# РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

# Начини за раскинување на договорот за вработување

1. Со изминување на времето за коешто бил склучен;
2. Со спогодба помеѓу работодавачот и работникот;
3. Со отказ од страна на работодавачот;
4.Со отказ од страна на работникот;
5. Поради исполнување на услов за старосна пензија на работникот;
6. Поради престанок на работодавачот;
7. Со судска пресуда;
8. Поради губење на работната способност на работникот;
9. Со смрт на работникот или на работодавачот ако е тој физичко лице;

# 1) Откажување на договорот за вработување поради истекот на времето за кое бил склучен

-со изминување на рокот на којшто бил склучен

-може да биде откажан и пред истекот на рокот :

а) со писмена спогодба

б) со писмена изјава на работникот

- Само за договор на определено

# 2) СПОГОДБЕН ПРЕСТАНОК НА РАБОТЕН ОДНОС

- Со писмена спогодба меѓу работодавачот и работникот

# 3) ОТКАЗ ОД РАБОТОДАВАЧОТ

Основани причини за отказ се :

а) Лични причини

б) Вина на работникот

в) Деловни причини

г) Со правосилна пресуда

д) Ако не ја извршил добро пробната работа

# 3) ОТКАЗ ОД РАБОТОДАВАЧОТ

Неосновани причини за отказ се:

а) Членување во синдикат и синдикални активности;

б) Поведување или учество во работен спор против работодавачот;

в) одобрено отсуство од работа или годишен одмор;

г) Воен рок или воена вежба;

д) Сите случаи на мирување на работниот однос утврдени со овој закон.

ѓ) Отсуство поради повреда или болест.

# 3) ОТКАЗ ОД РАБОТОДАВАЧОТ

- отказ со отказен рок (член 81 од ЗРО)
- отказ без отказен рок (член 82 од ЗРО)
- отказ со деловни причини:

  а) колективно отпуштање

  б) испратнина

  в) превземање

# 3) ОТКАЗ ОД РАБОТОДАВАЧОТ

Постапки пред откажување на договорот за вработување:

а) Писмено предупредување пред отказ

б) Парична казна

в) Отсуство од работа до донесување одлука за отказ (суспензија)

# 4) ОТКАЗ ОД СТРАНА НА РАБОТНИКОТ

- Со писмена изјава дека сака да му престане работниот однос

# 5) ПРЕСТАНОК ПОРАДИ ВОЗРАСТ НА РАБОТНИКОТ

- Работникот исполнува услов за старосна пензија кога ќе направи 64 години, под услов да има минимум 15 години пензиски стаж

# 6) ОТКАЖУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ПОРАДИ ИНВАЛИДСКА ПЕНЗИЈА

# 6) ОТКАЖУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ПОРАДИ ПРЕСТАНОК НА РАБОТОДАВАЧОТ

- се поведува постапка за стечај, ликвидација или бришење на работодавачот

# ФОРМА И СОДРЖИНА НА ОТКАЗОТ

Врз основа на Член 64 од Законот за работни односи (Сл. Весник на РМ бр. 62/05), Друштвото за коцкање и обложување, ----------------- од Скопје, со седиште на ул______________, со даночен бр._______________ претставувано од __________- Управител и на ________________ год. ја донесоа следната:

ОДЛУКА

откажување на договорот за вработување

поради истек на определено време

Работниот однос на работникот ___________________ од Скопје, со ЕМБГ: ____________________ која ги извршуваше работите и работните задачи на работното место ________ му престанува, согласно договорот за вработување на определено време од 6 (шест) месеци, склучен на _________ год., а кој престанува да важи односно истекува на __________________ година.

На работникот истовремено му се враќаат назад сите негови документи.

Работникот е должен да се пријави во Агенцијата за вработување на РМ, заради одтварување на правата согласно Чл.67 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Образложение:

Работниот однос на работникот во Друштвото престанува поради истите причини споменати во диспозитивот, односно поради истекот на рокот за кој што бил склучен работниот однос на определно време, согласно Договорот за работа на определено време од 6(шест) месеци, склучен на _______ година.

Одлуката е составена во 3(три) примероци, по еден за работникот и за Друштвото, а третиот за службена употреба.

Доставено до:

1.Работникот

2. Сектор за правни работи и човечки ресурси

3. Агенција за вработување

Упатство за правно средство: Работникот има право, во рок од 8 дена, од денот на приемот на Одлуката, против оваа одлука да поднесе приговор до Работодавачот. Приговорот не го одложува извршувањето на Одлуката..

# Отказни рокови

- И за работникот и за работодавачот минимален рок е 30дена;
- За отпуштање на поголем број на работници (повеќе од 150 или над 5% од вкупниот број на вработени, законскиот  рок е 2 месеца;
- паричен надоместок наместо отказен рок.

# ВРАЧУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТКАЖУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Должност на работодавачот е на работникот да му ја врачи одлуката:

1. Лично на рака;
2. По пошта или
3. Да ја објави на огласна табла

# Правна заштита од отказ

- Мирно решавање на спорови

  - со посредство на синдикален претставник

  - со медијација

  - со посредство на Совет за мирно решавање на спорови согласно Законот за мирно решавање на работни спорови

# Правни средства

1. ПРИГОВОР ДО РАБОТОДАВАЧОТ- во рок од 8 дена од приемот на одлуката
2. ТУЖБА за поведување на работен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од денот на поднесување на приговорот
3. II степен-Жалба до Апелационан суд
4. Барање ревизија – Врховен суд

- ВИ БЛАГОДАРАМ ЗА ВНИМАНИЕТО